OHRIDSKA BANKA

SOCIETE GENERALE GROUP

СООПШТЕНИЕ ЗА ЈАВНОСТ

Скопје, 21 септември 2017 година

# СИГУРНО ИМАШ БИЗНИС-ИДЕЈА ЗА НАГРАДА ОД 10.000 ЕВРА

Охридска банка Сосиете Женерал ги повикува сите млади со претприемачки дух и креативност да аплицираат со нова и реално остварлива бизнис-идеја на конкурсот „Чиста 10-ка“

Охридска банка Сосиете Женерал, водејќи се од принципите на тимски дух, иновација, посветеност и одговорност, денес официјално го започнува проектот наречен „Чиста 10-ка“, со кој има цел да остави значаен белег и важен придонес кон заедницата.

Проектот „Чиста 10-ка“ е наменет за сите студенти и млади државјани на Р. Македонија на возраст од 18 до 35 години, кои имаат претприемачки дух, креативен пристап и желба да аплицираат со своја нова и остварлива бизнис-идеја. Сите заинтересирани можат да учествуваат во „Чиста 10-ка“ индивидуално или во тим со максимум 4 учесници.
Аплицирањето се врши онлајн, на веб-страницата www.cista10.mk, во делот **Аплицирај**, каде што треба да се пополнат неколку групи прашања на англиски јазик кои, всушност, ќе ја презентираат структурата на самата бизнис-идеја.
Конкурсот „Чиста 10-ка“ е отворен за апликации од денес, четврток (21 септември, 2017), сè до 22 октомври 2017, 23.59 ч.

*„Како дел од нашата стратегија да бидеме прв избор на банка, препорачана од страна на клиентите и банка која ги поддржува младите и заедницата, а по повод одбележувањето на 10-годишното присуство на глобалната банкарска групација Сосиете Женерал во Македонија, годинава го реализираме проектот „Чиста 10-ка“. Од секогаш сум верувала дека младите се тие што можат да го променат светот, да воведат новини кои можеби другите на почеток не ги разбираат, но на крајот добиваме едно подобро место за живеење. Поради тоа ги охрабруваме сите млади, креативни и иновативни луѓе да земат учество и да ни ја испратат својата уникатна и остварлива бизнис-идеја, со која на крај сите ќе се гордееме. Најдобрата бизнис-идеја ќе биде наградена од страна на Охридска банка Сосиете Женерал со износ до 10.000 евра! За нас како банка, „Чиста 10-ка“*

*претставува императив во работењето, но истовремено и придонес кон општеството, мотив и поддршка за младите потенцијали на оваа земја, како и  поддршка на целокупното стопанство на земјата*.“, изјави Бранка Павловиќ, претседател на Управниот одбор на Банката.

Повеќе информации на www.cista10.mk

*За Охридска банка Сосиете Женерал*

*Охридска банка Сосиете Женерал е универзална банкарска институција која припаѓа на една од најголемите финансиски групации во светот – групацијата Сосиете Женерал. Со повеќе од 145.700 вработени, со присуство во 67 земји, групацијата Сосиете Женерал опслужува 31 милион клиенти низ целиот свет повеќе од 150 години. Охридска банка Сосиете Женерал функционира според високите стандарди на Сосиете Женерал, почитувајќи ги четирите главни вредности на Групацијата: тимски дух, иновација, посветеност и одговорност. Основната стратегија на Охридска банка Сосиете Женерал е постојаното унапредување на квалитетот на извршувањето на банкарските услуги и нејзината целосна посветеност да ги задоволи потребите на своите клиенти. Преку своето седиште во Скопје и широката мрежа од 27 експозитури на територијата на Македонија, Охридска банка Сосиете Женерал има за цел да биде поим за банкарски односи, препознатлива на пазарот, блиска до клиентите, избрана поради својот квалитет и посветеноста на нејзините тимови. Охридска банка Сосиете Женерал во 2016 година е носител на три награди како „Најдобра банка во Македонија“ од трите најважни банкарски авторитети - “Global Finance”, “Euromoney” и  “The Banker”, додека во 2017 година е повторно  наградена како „Најдобра банка во Македонија“ за 2017 од “Global Finance“ и “Euromoney”.*


**Контакт за медиуми на Охридска банка Сосиете Женерал**
Елена Глигоровска
Раководител на Дирекцијата за корисничко искуство, маркетинг и комуникации
e-mail: komunikacii@ob.com.mk
Тел: +389 (0)2 3 167 709

Ивана Петревска
Специјалист за маркетинг и комуникации
e-mail: komunikacii@ob.com.mk
Тел: +389 (0)2 3 167 682